Собранието на Комората на извршители на Република Македонија врз основа на член 76 став 3 од Законот за извршување (Службен весник на Република Македонија бр.72 од 12.04.2016 година) в.в со член 22 од Статутот на Комората на извршители на РМ, на седницата на вонредното собрание одржана во Скопје на 20.06.2016 година донесе

# Деловник за работа на Управниот одбор

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-552/15
24.06 2016 год.
СКОПЈЕ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Деловник се утврдуваат правилата за работа на Управниот одбор како управен и извршен орган на Комората, начинот на подготвување и свикување на седниците, предлагање и утврдување на дневниот ред, начинот на раководење со седниците, начинот на гласање и донесување на одлуки, како и формирање на комисии и други работни тела, присуство на седниците и ефикасно работење на Управниот одбор.

### Член 2

Седниците на Управниот одбор се одржуваат во седиштето на Комората во Скопје.

Претседателот на Комората може да одлучи седницата на Управниот одбор да се закаже и одржи во друг град во Република Македонија.

### Член 3

Седниците на Управниот одбор се јавни и се закажуваат по потреба.

На седниците може да присуствува секој член на Комората.

Секој заинтересиран член на Комората за да присуствува на седница на Управниот одбор треба да го потврди своето присуство благовремено пред одржувањето на седницата.

За седницата на Управниот одбор извршителите ќе бидат информирани и ќе бидат информирани за одлуките кои истиот ги донесува.

### Член 4

Управниот одбор може да работи и полноважно да одлучува ако на седницата присуствуваат повеќе од половина членови на Управниот

одбор, а своите одлуки ги донесува со мнозинство на гласови на присутните членови на седницата на Управниот одбор.

## II. Подготвување на седници

### Член 5

Седниците на Управниот одбор ги подготвува секретарот на Комората.

За секоја седница, матерјалите за разгледување мора да бидат однапред целосно подготвени.

Кон матерјалите може да се подготви и предлог на одлука.

Членовите на Управниот одбор матерјалите ги добиваат најмалку 5 дена пред одржувањето на седницата.

Седницата може да се свика и за пократок рок, ако се оцени дека предходно не треба да се подготват посебно матерјали за расправање.

## III. Свикување на седници

### Член 6

Седниците на Управниот одбор ги свикува и со нив раководи претседателот на Комората, кој е истовремено и претседател на Управниот одбор или по предлог и на барање на една третина членови од вкупниот број на Управниот одбор.

Во случај на спреченост на претседателот на Комората, седниците ги свикува и со нив раководи потпретседателот на Комората, кој се избира од редот на членовите на Управниот одбор.

Доколку претседателот и потпретседателот на Комората се спречени, тогаш се постапува според законските одредби.

## IV. Водење на записник

### Член 7

На седниците на Управниот одбор задолжително се води записник.

Записникот го води записничар.

Записникот треба да содржи: број на седница, почеток и крај на седницата, име и презиме на присутните и отсутните членови на Управниот одбор и други присутни на седницата, дневен ред, матерјали и прилози што се предмет на разгледување на седницата, резултати од гласањето

и диспозитивот на одлуките.

Записникот го потпишува претседателот на Комората, односно лицето што претседавало и записничарот.

## V. Предлагање и утврдување на дневен ред

### Член 8

Дневниот ред го предлага претседателот на Комората или поради негова спреченост потпретседателот на Комората.

Дневниот ред го утврдува Управниот одбор со мнозинство на гласови.

Секој член на Управниот одбор може да предлага измени и дополнувања на дневниот ред.

Во текот на седницата редоследот на точките што се на дневен ред може да биде променет.

Секој член на Управниот одбор е должен да го почитува и да се придржува на дневниот ред.

Член на Управниот одбор или кој било член на Комората кој е присутен на седницата и учествува во расправата по одделно прашање што е на дневен ред мора да се придржува на точката што е предмет на разгледување.

Одделна точка од дневниот ред може да биде одложена ако за тоа постојат оправдани причини.

## VI. Учество во работата и одлучувањето

### Член 9

Секој член на Управниот одбор треба да учествува во работата на Управниот одбор.

Член на Управниот одбор кој е спречен да присуствува на закажаната седница, задолжително треба да го извести Управниот одбор за причините, за отсуството од седницата и да ја извести Комората по телефон или факс.

По завршувањето на расправата по секоја точка од дневниот ред, претседателот предлага нацрт на одлука по која треба да се гласа.

Секој член на Управниот одбор има право да предлага донесување на одлука и заклучок по одредени прашања што се предмет на разгледување по дневниот ред.

Управниот одбор работи и полноважно одлучува ако на седницата присуствуваат повеќе од половина членови на Управниот одбор.

Управниот одбор своите одлуки ги донесува со мнозинство

гласови на присутните членови на седницата на Управниот одбор.

По исклучок од предходниот став на овој член, кога се работи за: Предлог на Статут и негови измени, за годишна пресметка, за набавка на основни средства, по жалба на првостепени одлуки донесени во дисциплинска постапка, Управниот одбор донесува полноважна одлука ако за неа гласале мнозинство на вкупниот број на членови на Управниот одбор.

## VII. Гласање

### Член 10

По заклучување на расправата, претседателот спроведува гласање.

Гласањето е јавно , со кревање на рака.

Прво се гласа ЗА предлогот, потоа ПРОТИВ и на крајот ВОЗДРЖАН.

За определени прашања Управниот одбор може да одлучи да се гласа тајно, со гласачко ливче.

### Член 11

Управниот одбор своите одлуки ги донесува во форма на: одлуки, решенија, заклучок.

### Член 12

Управниот одбор во согласност со одредбите на Статутот донесува: програми, препораки, ставови и мислења.

Во согласност со Статутот, Управниот одбор донесува општи акти, формира комисии и други тела на Комората.

## VIII. Јавност во работата на Управниот одбор

### Член 13

Седниците на Управниот одбор се јавни.

Секој член на Комората има право да биде информиран за одлуките и општите акти што ќе ги донесе Управниот одбор.

Информирањето се врши со доставување и објавување на одлуките заклучоците и решенијата донесени од Управниот одбор, во Комората, објавување во гласило на Комората или преку Центарот за информации и евиденција.

## IX. Преодни и завршни одредби

### Член 14

Толкувањето на одредбите на овој Деловник по правило дава претседателот на Управниот одбор.

### Член 15

Измените и дополнувањата на овој Деловник ги врши Управниот одбор.

### Член 16

Овој Деловник влегува во сила на денот на негово објавување на веб страната на Комората а ќе започне со примена со денот на примена на Законот за извршување (Службен весник на РМ бр. 72 од 12.04.2016 година).

Комора на извршители на РМ

Претседател,

Зоран Петрески